Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19 и 110/19), а во врска со членот 20 став 1 точка 48 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20), Министерот за одбрана на Република Северна Македонија донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за обезбедување на расни кучиња за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува обезбедувањето на расни кучиња за потребите на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), условите и критериумите кои мора да ги исполнуваат кучињата кои што се обезбедуваат, квалитативниот прием, гаранцијата и задолжувањето на набавените кучиња.

### Член 2

За потребите на Армијата се користат расни кучиња за меѓусебно размножување, за обука и за извршување на службени задачи за одредена намена (патролна, чуварска, трагачи за откривање на минско-експлозивни средства, за пронаоѓање и спасување на исчезнати лица при земјотреси, лавини, поплави и сл.).

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РАСНИ КУЧИЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО И АРМИЈАТА

### Член 3

Обезбедувањето на расни кучиња за потребите на Министерството и Армијата се врши од сопствен извор (од одгледувачницата за кучиња во состав на Армијата) а по потреба со набавка на кучиња од надвор, заради освежување и подобрување на генетскиот материјал на приплодните кучиња на Армијата односно заради спречување на дегенеративни појави, генетски аномалии и малформации кои што се предизвикани од размножување на кучиња кои се во блиско меѓусебно крвно сродство.

Член 4

Обезбедувањето на расни кучиња за службени потреби на Министерството и Армијата од сопствен извор, се врши со овластено, планско и контролирано одгледување и размножување на службени расни кучиња во единицата за одгледување, обука и дресура на кучиња во Армијата.

За таа цел, надлежните од единицата за одгледување и дресура на службени кучиња се должни:

- да водат регистер на машки и женски кучиња за расплод (размножување) со неопходните податоци за потеклото на секое куче (податоци за родителите од претходните најмалку пет генерации, за сопственикот и одгледувачницата од каде потекнуваат кучињата и сл.). Регистерот за приплодните кучиња на Армијата е документ според кој се оценува дали кучето кое е предмет на набавка е во крвно сродство со кучињата на Армијата.
- да вршат ажурно и систематско следење, евидентирање и документирање на податоците за здравствениот и репродуктивниот статус на приплодните кучињата,
- да изработуват и доставуваат годишен и шестмесечен план за размножување на кучињата, со податоци за бројот на успешно спарени женки, за бројот на родени мртви и живи кутриња во леглата, за бројот на успешно одгледани и задолжени кутриња со навршени 21 ден старост, за бројот на обучени кучиња од секое легло, за бројот на успешно обучени кучиња и испратени во единици на Армијата/други државни органи или установи.

Член 5

Обезбедувањето на расни кучиња за службени потреби на Министерството и Армијата, со набавка од надворешни извори се врши на неколку начини:

**5.1. Со размена на кучиња без плаќање на паричен надоместок**

**5.1.1.** Со наведената постапката се врши размена на куче кое што е во сопственост на Армијата со куче кое што е во сопственост на друг државен орган или правни лица основани од државата (Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Царинска управа, Дирекција за заштита и спасување и сл.), со куче кое е во сопственост на трети лица (регистрирани одгледувачи на кучиња во државата) или со куче од други армии односно други држави.

**5.1.2.** Предлог и образложение за вршење на размена на куче дава единицата за одгледување и дресура на службени кучиња на Армијата односно заинтересираното правно или физичко лице кое што е сопственик на кучето. Комисија составена од стручни лица од Армијата врши увид и

ветеринарно-здравствен и екстериерен преглед на кучето кое што се предлага за размена, и доколку истото одговара на стандардот за расата од Меѓународната кинолошка федерација и е во добра здравствената состојба, дава предлог до секцијата за логистика во Генералштабот да се изврши размена на кучињата.

5.1.3. Согласно важечката регулатива во државата, за размена на движни ствари во државна сопственост одлучува Владата на Република Македонија. Вредноста на движните ствари кои се предмет на размена се утврдува од страна на овластен проценител согласно со Законот за процена.

5.1.4. Кога се врши размена на движни ствари меѓу државните органи и правните лица основани од државата, а при тоа постои разлика во вредноста на движните ствари што се разменуваат, разликата во вредноста не се надоместува.

5.1.5. Кога се врши размена на движни ствари помеѓу државните органи, правни лица основани од државата, општините и градот Скопје и трети лица, а при тоа постои разлика во вредноста на движната ствар што се разменува, размената може да се изврши само доколку се плати разликата во вредноста.

5.1.6. Разликата во вредноста нема да се надоместува ако сопственикот на движната ствар што има поголема вредност од другата ствар со која што се врши размена, со нотарски заверена изјава се откаже од правото на надоместок за разликата во вредноста.

**5.2. Со примање на кутре како надоместок за давање на услуга спарување-оплодување на кучка на друг сопственик, без плаќање на надоместок**

5.2.1. Наведеното услужно парење подразбира давање на услуга-спарување на машко приплодно куче на Армијата со женско куче на друг сопственик, без плаќање на паричен надомест. На сопственикот на машкото приплодно куче кое што успешно го оплодил женското куче, му се дава едно кутре од родените кутриња, по негов избор. За преземањето на кутрето се изработува соодветен писмен документ кој го потпишуваат членовите на комисијата одредени со наредба на Началникот на Генералштабот на Армијата, и сопственикот на женското приплодно куче.

5.2.2. Сопственикот на женско приплодно куче кој што сака истата да биде оплодена со машко приплодно куче во сопственост на Армијата, доставува писмено барање со изјава дека е согласен за извршената услуга да отстапи-подари едно кутре од леглото кое што го окучила спарената кучка, без плаќање на паричен надомест, и дека се откажува од било какви понатамошни побарувања. Со барањето ги доставува и

неопходните документи - родовник и пасош за кучката, со кои што се докажува сопственоста и потеклото на кучката.

5.2.3. Комисија составена од стручни лица од Армијата врши увид во документацијата и ветеринарно-здравствен и екстериерен преглед на кучката и доколку кучката која што е понудена за услужно спарување одговара на стандардот од Меѓународната кинолошка федерација и е со добра здравствена состојба, дава предлог да се изврши услужното парење кое што со соодветен документ го одобрува началникот на секцијата за логистика во Генералштабот на Армијата.

5.2.4. Истата постапка се применува и за спроведување на услужно парење на женска приплодна кучка која што е во сопственост на Армијата, со машко приплодно куче од друг сопственик. За таа цел, надлежните од единицата за одгледување и дресура на службени кучиња на Армијата до секцијата за логистика во Генералштабот доставуваат писмено барање со образложение за потребата, и писмена изјава од сопственикот на машкото приплодно куче за спроведување на постапката на услужно парење. Во овој случај, на давателот на услугата – сопственикот на машкото приплодно куче му се дава едно кутре од леглото кое што го окучила оплодената кучка во сопственост на Армијата како надоместок за извршена услуга. За преземањето на кутрето се изработува соодветен документ кој го потпишуваат членовите на комисијата одредени со наредба на Началникот на Генералштабот на Армијата, и сопственикот на женското приплодно куче.

**5.3. Со примање на куче во вид на подарок од државни, правни и физички лица од државата и од странство, без плаќање на паричен надоместок**

5.3.1. Правното или физичкото лице кое што е сопственик на кучето доставува соодветен документ (изјава/намера/барање и сл.) дека доброволно сака да подари расно куче кое што е во негова сопственост, и дека се откажува од сите можни понатамошни побарувања во однос на сопственоста на кучето кое го подарува.

5.3.2. За кучето кое го подарува на Армијата, подарувачот мора да поседува соодветни документи за докажување на сопственоста – родовник и пасош за кучето, во кои мора да бидат евидентирани податоци за сопственикот на кучето, идентификациониот број – микрочипот на кучето и податоци за применатите вакцини и за извршените дијагностички и превентивно-профилактички мерки (третмани со средства против надворешни и внатрешни паразити).

5.3.3. По приемот на барањето за подарување на куче, комисија составена од стручни лица од Армијата врши ветеринарен преглед и оценка за изгледот, здравствената, работната или приплодната способност на

кучето и доколку даде позитивно мислење дека кучето ги исполнува неопходните услови и критериуми за службено куче во Армијата, дава предлог до секцијата за логистика во Генералштабот на Армијата кучето да се прими за потребите на Армијата.

**5.4. Со набавување-купување на расно куче од правни и физички лица од државата или од странство**

5.4.1. Постапката за јавна набавка на куче за потребите на Армијата ја спроведува надлежната организациона единица од Министерството за одбрана, во согласност со важечката законска регулатива.

5.4.2. Заради спроведување на постапката за јавна набавка на расно куче за потребите на Армијата, надлежните од единицата за одгледување и дресура на службени кучиња на Армијата доставуваат барање до секцијата за логистика при Генералштабот на Армијата, со соодветно образложение за потребата од купување на расно куче и за условите и критериумите кои што мора да ги исполнува кучето кое што треба да се набави-купи.

5.4.3. Секцијата за логистика при Генералштабот на Армијата ја оценува потребата и оправданоста на набавката и доколку постои оправдана потреба ја изработува неопходната документација за покренување на постапка за јавна набавка (планирање и обезбедување на парични средства за наведената намена во годишниот план за јавна набавка, изработка на реферат за јавна набавка, техничка спецификација, опис, услови и критериуми кои што мора да ги исполнуваат расните кучиња кои ќе се набавуваат и сл).

5.4.4. Комисија составена од стручни лица од Министерството и Армијата определена со наредба од Началникот на Генералштабот, врши оценување дали понудените кучиња ги исполнуваат условите и критериумите наведени во техничката спецификација.

## УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ КОИ ШТО МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КУЧЕ КОЕ ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВА СО ПЛАЌАЊЕ НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

### Член 6

Кучињата кои што се купуваат за потребите на Армијата мора да се со познат-документиран здравствен и репродуктивен статус, не смеат да потекнуваат од исти родители како и приплодните кучиња на Армијата, да бидат на возраст од најмалку 12 до најмногу 24 месеци, а описот, изгледот и карактеристиките на кучињата мора да се во согласност со стандардот за соодветната раса на кучиња издаден од Меѓународната кинолошка федерација (FCI - Federation cynologique internationale).

Секое куче кое се купува за потребите на Министерството и Армијата мора да поседува:

а) пасош за куче со впишани и ажурирани податоци за сопственикот на кучето, за бројот на микрочипот за идентификација на кучето и за примените вакцини и извршените превентивни и профилактички мерки (третмани против надворешни и внатрешни паразити),
б) родовник издаден и оверен од страна на Кинолошкиот сојуз на Република Северна Македонија,
в) документ-оценувачки лист потпишан од кинолошки судија за соодветната FCI-
група, оверен од Кинолошкиот сојуз на Република Северна Македонија,
г) документ за здравствената состојба на кучето издадено од овластено ветеринарно друштво, не постар од еден месец,
д) рентген снимка со дијагноза односно соодветно стручно мислење со кои што се потврдува дека кучето и неговите родители немаат дисплазија на колковите. Стручното мислење го дава високообразовна или научно истражувачка институција од областа на ветеринарната медицина или ветеринарно друштво овластено за давање на ветеринарни услуги од областа на терцијарната здравствена заштита на животните,
ѓ) оценувачки лист – документ изработен и потпишан од кинолошки судија надлежен за оценување на соодветната раса на кучиња, со детални податоци од дадениот опис, извршените мерења на кучето и добиената оценка за екстериерниот-надворешниот изглед на кучето според условите и критериумите од соодветниот стандард на Меѓународната кинолошка федерација (FCI). Постоењето односно отсуството на вродени дисквалификациони маани и недостатоци на кучето според соодветниот стандард за расата пропишан од страна на Меѓународната кинолошка федерација мора да биде евидентирано во оценувачкиот лист (доколку не постои некоја конституциона маана или недостаток истото мора да биде наведено). Оценувачкиот лист не смее да биде постар од еден месец,
е) изјава од сопственикот /одгледувачот на кучето заверена на нотар, со која се гарантира дека на кучето му биле обезбедени пропишаните услови за заштита и благосостојба во однос на одгледувањето, чувањето, сместувањето, исхраната, негата и здравствената заштита односно дека со кучето е постапувано на хуман и грижлив начин во согласност со одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните со сите важечки измени и дополнувања на законот.

КВАЛИТАТИВЕН ПРИЕМ НА КУПЕНИТЕ КУЧИЊА

Член 7

Квалитативен прием на купените кучиња врши комисија составена од стручни лица од Армијата (доктори по ветеринарна медицина, инструктори за обука-дресери на службени кучиња, кинолошки судија со лиценца, обучени

водачи на службени кучиња и сл.) одредени со наредба од Началникот на Генералштабот на Армијата.

## ГАРАНЦИЈА ЗА КУПЕНИТЕ КУЧИЊА

### Член 8

Во секоја постапка за јавна набавка и во секој склучен договор за купување на расни кучиња за потребите на Армијата мора да има одредба за гаранција на исполнување на условите и критериумите за кучињата наведени во техничката спецификација, со која што ќе се регулира постапката во случај на постоење на скриени маани и недостатоци кај набавените кучиња (за женски приплодни кучиња – стерилитет/неплодност и неспособност да окучи и одгледа живи кутриња, за машки приплодни кучиња - неспособност да изврши спарување и оплодување на женска приплодна кучка, стерилитет/неплодност, давање на потомство со дисплазија на колковите, со телесни и генетски аномалии и недостатоци и сл.), чие што постоење не било можно да се утврди во времето на склучувањето на договорот за набавка односно при квалитативниот прием (испораката/приемот) на кучињата.

Во таков случај носителот на набавката има обврска да си ги повлече кучињата кај кои се утврдени некои од наведените скриени маани и недостатоци кои што не биле видливи во моментот на квалитативниот прием, и истите на свој трошок да ги замени со други кучиња кои што целосно ги исполнуваат условите наведени во техничката спецификација, или на купувачот да му го врати целосниот износ на паричните средства кои што му се платени за купување на тие кучиња.

## ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА НАБАВЕНИТЕ И КУПЕНИТЕ КУЧИЊА

### Член 9

Задолжувањето на набавените и купените кучиња се врши со нивниот прием-преземање од страна на Армијата/Министерството, во согласност со важечките прописи.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 10

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Акт бр. 01-3780/1
01.11.2023 година

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

с.р.  Славјанка Петровска